РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-457/2
26-07-2024 г.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-457/1 од 30.01.2024 година, со наводи за незадоволство од донесена пресуда на Врховен суд на РСМ, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување поради тоа што предметните наводи не се предмет на нејзино надлежно постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува.

ДКСК предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување до Судски Совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-457/1 од 30.01.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 30.01.2024 година, до ДКСК доставена е пријава/известување од познат подносител - -----------------------------------------(-----), во која се наведува дека на правен субјект-Сојузот, му е одземено правото на сопственост врз недвижен имот - Работнички Дом, која наводно според подносителот се градела со сопствени финансиски средства, односно средства од синдикалната членарина. Во пријавата е наведено дека ------------ заради потребите од синдикална едукација и оспособување на синдикалното членство и работниците во Македонија во 1958 година, изградил сопствен објект-Работнички Дом во Скопје во површина од 8.684 м2, врз основа на градежна дозвола по барање на Сојузот на синдикатите на Југославија – Републички Совет на Македонија (------------------------------------) за градење на синдикален дом. Според подносителот Сојузот на синдикатите на Македонија, ја има на свое име целокупната документација која овозможила изградба на објектот – Работнички

Дом и тоа: градежна дозвола, договор за градење, потврди од Комунална банка за обезбедени финансиски средства во висина од 427.968,146 тогашни динари или во денешна против вредност повеќе од 8 милиони долари, која докажува дека изградбата била финансирана од сопствени средства, од членарината на членството и целокупна инвестициона програма на Сојузот на синдикатите на Македонија. Според ------------------------------------------, Државата преку Владата од осамостојувањето во 1992 година, спротивно Уставот на Република Северна Македонија, Законот за сопственост и други стварни права и спротивно меѓународните закони, започнала постапки со цел одземање на синдикалниот имот на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Во пријавата се нагласува дека за горенаведените наводи, односно за правото врз недвижен имот на подносителот, водени се неколку судски постапки пред првостепени и второстепени судови и сите се завршени во корист на Сојузот на синдикатите на Македонија, се до 2024 година кога и е донесена Пресуда од Врховниот Суд на РСМ, кој констатирал дека правото на сопственост на зградата на Работничкиот дом на ------, од Сојузот на синдикатите на Македонија преминува во сопственост на Македонија. Подносителот укажува дека Врховниот Суд ги преиначил сите досегашни Одлуки на пониските судови, без да изведува сериозни факти и докази за утврдување на фактичката состојба, за што и се сомнева за еден монтиран судски процес.

Подносителот на пријавата се сомнева во законитоста на донесената Пресуда и бара преиспитување на истата поради тоа што смета дека со ваквата пресуда е нанесена штета на Сојузот на синдикатите на Македонија и им е одземена сопственоста на зградата.

При разгледување на известувањето поднесено од ---------------------------------------, и по извршен увид во Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019) и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија,(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019), со чиишто одредби се уредува постапувањето на судовите во РСМ, ДКСК го констатира следново:

- наводите изнесени во доставеното известување за сомневање во законитоста на донесена Пресуда на Врховен суд, не се предмет на надлежно постапување на ДКСК;
- за предметните наводи надлежен да постапува е Судски Совет на Република Северна Македонија. Согласно своите законски надлежности дефинирани во член 36 став 1 алинеа 5 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, Судскиот Совет е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите;

Имајќи го предвид погоре констатираното, ДКСК предметното известување ќе го достави на надлежно постапување на Судски Совет на Република Северна Македонија, по што

оцени дека нема надлежност за нејзино постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: Ф.Ј., советник
Комтролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата